Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНАТА МЕДИУМСКА ИНДУСТРИЈА ВО 2018 ГОДИНА

**септември, 2019 година**

# Содржина

Вовед........................................................................................................................ 3
Структура на вработените во индустријата................................................................................ 4
Структура на вработените во МРТ.............................................................................................. 7
Структура на вработените во комерцијалните телевизии.............................................................. 11
Структура на вработените во комерцијалните радиостаници........................................................ 16

# ВОВЕД

Во оваа анализа е даден преглед на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2018 година. Поточно, анализирани се податоците за состојбата на 31.12.2018 година, и тоа за структурата на вработените од аспект на работните места, полот, образованието, статусот (во редовен работен однос или хонорарно ангажирани), како и од аспект на етничка припадност. Податоците ги доставија самите радиодифузери, на посебен образец пропишан од Агенцијата.

Во анализата засебно се претставени податоците за јавниот радиодифузен сервис, за комерцијалните телевизии и за комерцијалните радиостаници.

# Структура на вработените во индустријата

На 31.12.2018 година вкупниот број ангажирани лица во сите телевизии и радиостаници, вклучувајќи го и јавниот сервис, изнесувал 2 750 лица, од кои во јавниот радиодифузен сервис биле вработени вкупно 857 лица, во комерцијалните телевизии 1 496 лица, а во комерцијалните радиостаници 397 лица.

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 914 | 737 | 167 | 10 | 621 | 293 |
| Уредници | 213 | 153 | 56 | 4 | 180 | 33 |
| Управители/директори | 106 | 66 | 39 | 1 | 98 | 8 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 305 | 61 | 232 | 12 | 253 | 52 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 719 | 143 | 568 | 8 | 618 | 101 |
| Маркетинг | 96 | 57 | 38 | 1 | 57 | 39 |
| Преостанат кадар | 397 | 124 | 249 | 24 | 328 | 69 |
| **Вкупно** | **2750** | **1341** | **1349** | **60** | **2155** | **595** |

Речиси 60 % од вработените биле ангажирани како новинари (914 лица) и како реализаторски кадар (719 лица).




Со високо образование биле 49 % од ангажираните лица, исто толку имале комплетирано средно образование, а останатите 2 % имале некаков друг степен на образование.




40 % од вработените биле жени (вкупно 1 104), а 60 % мажи (вкупно 1 646).

Најголем дел од жените (49 %) работеле како новинарки, а најголем дел од мажите (36 %) како реализаторски кадар.

Според етничката припадност структурата е следна: 1 950 лица биле Македонци, 563 Албанци, 47 Турци, 45 Срби, 26 Бошњаци, 17 Роми, 13 Власи и 10 лица биле од други националности (не се опфатени вкупно 79 лица вработени во 1ТВ, поради тоа што оваа телевизија не достави податоци за етничката припадност на своите вработени).

# Структура на вработените во Македонската радио-телевизија

Во јавниот радиодифузен сервис биле ангажирани вкупно 857 лица, од кои 596 лица во Македонската телевизија и 261 лице во Македонското радио. 818 лица биле во редовен работен однос (567 во МТВ и 251 во МРА), а 39 биле хонорарно ангажирани (29 во МТВ и 10 во МРА).

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 247 | 178 | 60 | 9 | 228 | 19 |
| Уредници | 80 | 71 | 7 | 2 | 80 | 0 |
| Управители/директори | 5 | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 93 | 18 | 66 | 9 | 93 | 0 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 258 | 46 | 204 | 8 | 238 | 20 |
| Маркетинг | 6 | 5 | 1 | 0 | 6 | 0 |
| Преостанат кадар | 168 | 64 | 85 | 19 | 168 | 0 |
| **Вкупно** | **857** | **387** | **423** | **47** | **818** | **39** |

**Структура на вработените во МРТ според работно место**




Од вкупно 379 жени, колку што биле ангажирани во јавниот сервис, 42 % работеле како новинарки. Најголем дел од мажите, пак, биле ангажирани како реализаторски кадар (41 %).

Лицата од женски пол биле побројни кај следните категории вработени: новинари, уредници, маркетинг и преостанат кадар. Како управители, технички и реализаторски кадар биле вработени повеќе мажи отколку жени.

**Структура на вработените во МРТ според пол**




Според работното место на коешто биле ангажирани, најбројни биле лицата ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар – вкупно 258 лица. Од нив, 216 лица биле вработени во МТВ, а 42 лица во МРА.

45% од вработените имале високо образование, 49 % средно образование, а 6% имале друг степен на образование.

Најголем дел од новинарите биле со високо образование (72 %), а најголем дел од реализаторите, како најбројна категорија вработени, биле со средно образование (79 %).







Од вработените во јавниот радиодифузен сервис, 610 биле Македонци, 168 биле Албанци, 29 Турци, пет Роми, осум Власи, 25 Срби, шест Бошњаци и шест од друга националност.

Најголем дел од Македонците биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (30 %), а најголем дел од Албанците како новинари (33 %).

# Структура на вработените во комерцијалните телевизии

Во 2018 година во комерцијалните телевизии биле ангажирани вкупно 1 496 лица, од кои 1 101 лице во телевизиите коишто емитуваат програма на државно ниво, 262 лица во регионалните телевизии и 133 лица во локалните телевизии.

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 502 | 429 | 72 | 1 | 330 | 172 |
| Уредници | 81 | 55 | 24 | 2 | 69 | 12 |
| Управители/директори | 47 | 35 | 11 | 1 | 46 | 1 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 151 | 34 | 115 | 2 | 119 | 32 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 429 | 89 | 340 | 0 | 363 | 66 |
| Маркетинг | 71 | 42 | 29 | 0 | 47 | 24 |
| Преостанат кадар | 215 | 52 | 159 | 4 | 155 | 60 |
| **Вкупно** | **1496** | **736** | **750** | **10** | **1129** | **367** |

**Број на вработени во комерцијалните телевизии**




Од вкупно 1 496 лица, 1 129 биле во редовен работен однос, а 367 биле хонорарно ангажирани.

Најголем број од лицата во редовен работен однос биле ангажирани како реализатори во терестријалните телевизии на државно ниво (208 лица), а најголем број од хонорарно ангажираните лица работеле како новинари во регионалните телевизии (48 лица).

Кај комерцијалните телевизии биле вработени 400 мажи повеќе од жени (948 мажи наспроти 548 жени).

Жените биле побројни од мажите кај новинарите (за 60 лица), кај маркетингот (за девет лица) и кај преостанатиот кадар (за 15 лица).

Кај уредниците, управителите, техничкиот и реализаторскиот кадар побројни биле мажите.







Најголем дел од вработените кај комерцијалните телевизии биле со средно образование (750 лица), од кои 45 % работеле како реализатори.

Со завршено високо образование биле 736 лица. Од нив, 58 % биле ангажирани како новинари. Само десет лица биле со друг вид образование.

Структура на вработените според етничка припадност




Во комерцијалните телевизии биле вработени вкупно 1 005 Македонци, 341 Албанец, 20 Бошњаци, 16 Срби, 15 Турци, 12 Роми, четири Власи и четири од други националности.

Најголем дел и од Македонците и од Албанците биле ангажирани како новинари и како реализатори. Поточно, 344 новинари и 297 реализатори биле од македонска националност, а 110 новинари и 90 реализатори од албанска националност .

# Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

Во 2018 година во комерцијалните радиостаници биле вработени вкупно 397 лица, од кои 70 биле ангажирани во радиостаниците на државно ниво, 122 во регионалните и 205 во локалните радиостаници.

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 165 | 130 | 35 | 0 | 63 | 102 |
| Уредници | 52 | 27 | 25 | 0 | 31 | 21 |
| Управители/директори | 54 | 26 | 28 | 0 | 47 | 7 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 61 | 9 | 51 | 1 | 41 | 20 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 32 | 8 | 24 | 0 | 17 | 15 |
| Маркетинг | 19 | 10 | 8 | 1 | 4 | 15 |
| Преостанат кадар | 14 | 8 | 5 | 1 | 5 | 9 |
| **Вкупно** | **397** | **218** | **176** | **3** | **208** | **189** |

Најголем дел (42 %) од вработените кај комерцијалните радиостаници биле новинари. Од нив, 61 % биле жени. Жените биле побројни од мажите само уште кај вработените во маркетинг.

Во сите други категории побројни биле мажите, а како инженери и техничари биле ангажирани речиси шест пати повеќе мажи од жени.







Во редовен работен однос биле вработени 208 лица, а хонорарно 19 лица помалку, односно вкупно 189 лица.

За разлика од радијата кои емитуваат програма на државно и на локално ниво, кај регионалните радиостаници имало повеќе хонорарно ангажирани лица отколку во редовен работен однос (за 20 лица).

55% од вработените во комерцијалните радија имале високо образование (вкупно 218 лица, од кои 124 жени и 94 мажи). Со средно образование биле ангажирани 176 лица, а само три лица имале друг вид образование.

Повеќе од половината од вработените со висока стручна спрема работеле како новинари - 130 лица. Од нив, 12 биле ангажирани во радиостаниците на државно ниво, 39 во регионалните и 79 во локалните радиостаници.

Најголем дел од лицата со средно образование работеле како технички кадар (51 лице).







Според етничката припадност на вработените, 335 биле Македонци, 54 Албанци, четворица Срби, тројца Турци и еден Влав.

Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2018 година

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Палата Панко  Брашнаров ул.„Македонија“ бр. 38, 1000 Скопје
Тел. 02/3103-400
www.avmu.mk
contact@avmu.mk